**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,одржана на 17.4.2018 година**

**Скопје, април 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и четвртата седница на Владата на**
**Република Македонија,одржана на 17.4.2018 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија, на седницата присуствуваа и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Арбер Адеми, заменик на министерот за образование и наука и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, д-р Рената

Дескоска, министерка за образование и наука и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија
    - Информација за отворени прашања од ИПА, со ИПА Мастер план (статус 2.3.2018 година)

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација со правилници на Фондот за иновации и технолошки развој за инструментите за поддршка - кофинансирани грантови согласно Планот за економски раст на Владата - столб 3, со Предлог-одлуки

2. Годишен извештај за работата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола за 2017 година и Годишна пресметка за 2017 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, со Предлог-одлука

3. Информација за Правилник за посебните барања за безбедност и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителни задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна, како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната, со Предлог-одлука

4. Информација за давање согласност на Правилникот за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло, со Предлог-одлука

5. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност-Ефективност на единиците на локална самоуправа во годишното планирање и реализација на Годишниот план за јавни набавки, со дополнување

6. Информација од одржаниот состанок на Работната група формирана со Решение на министерот за транспорт и врски, со број 02-12001/1 од 19.12.2017 година (П.Бр.1110/15)

7. Предлог-иницијатива за формирање на „Национално координативно тело за изедначување на правата на лицата со попреченост во Република Македонија“ при Владата на Република Македонија, со Предлог-одлука

8. Информација за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

9. Информација за потребата од подготовка на детална длабинска анализа на компании во државна сопственост

10. Информација за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, со усогласен текст на Меморандум

11. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Г. Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

12. Информација за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, со нов текст на Јавен оглас, Предлог-одлука и Предлог-решение

13. Информација во врска со постапките за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Банско“ Општина Струмица, со Предлог-одлуки

14. Информација за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион

**в) Политички систем**

15. Предлог-закон за ратификација на изменувањата на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со Одлуката број 1/2018 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција

16. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Бугарија за соработка во случај на катастрофи

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

**17.** Предлог-закон за поддршка на млади при купување на музички инструменти

**18.** Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавна набавка за склучување на повеќегодишни договори за изградба и надзор над изградба на ново училиште во место викано Љубош, КО Долно Количане, с. Батинци, Општина Студеничани

**19.** Информација за проектот „Реконструкција на ЈЗУ Општа болница - Струмица“, со Акциски план

**20.** Информација за реализација на Фаза 2 од Проектот за изградба на Регионална клиничка болница Штип, со Акциски план

**21.** Информација за прогресот во реализацијата на Акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност

**22.** Информација за донесување на Национален акциски план 2018-2020 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020, со Национален акциски план за родова еднаквост 2018-2020

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

**23.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар

**б) Политички систем**

**24.** Барање на Билал Кара, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

**25.** Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

**26.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија - Скопје

**27.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

**28.** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, поднесен од група пратеници

**29.** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција, поднесен од група пратеници

**30.** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесен од група пратеници

**31.** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија

**32.** Барање за давање на автентично толкување на член 11 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017) поднесено од Народниот правобранител на Република Македонија

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

**33.** Инцијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.16/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.31/1985, 51/1988, 23/1990 и 17/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.32/1993), член 19 став 1 во делот на зборот „осум“ и член 19 став 3 во делот на зборот „не“ од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015)

**34.** Решение под У.бр. 133/2017 донесено од Уставниот суд на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.2.2018 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 став 1 во делот „и исполнет нормиран учинок“ и ставови 2, 3 и 4 и член 7-б ставови 1 и 3 од Законот за минималната плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017)

**35.** Иницијатива поднесена од Кристијан Трајковски од Скопје до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.12/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборовите „со правосилна пресуда“ од членот 1 став 1 алинеи 1 и 2 и зборовите „изречена со правосилна пресуда“ од членот 2 став 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018)

**36.** Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5414, Имотен лист бр.4321, Имотен лист 5413,

Имотен лист бр.4318 и Имотен лист бр. 7518 за КО Бутел на КП бр.2024/1, КП бр. 2026/1, КП бр.2025, КПбр.2027/1 и КП бр.2024/2

**37.** Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр. 141/18 за КО Бутел

**д) Други предлози**

**38.** Кадровски прашања

**39.** Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

**40.** Извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот октомври - декември 2017 година

**41.** Информација за 2017 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај", „50% попуст за ученици и студенти", „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај", „Средношколска среда", „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај"

**42.** Извештај за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2017 година

**43.** Информација за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и запишани во јавната книга на недвижности кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште согласно поднесеното Барање заведено во Општина Илинден под бр.08-1131/1 од 26. 5.2016 година од ОКТА АД-Скопје

**44.** Извештај за спроведени анализи за степенот на остварување на правата на заедниците за 2017 година

**45.** Завршна сметка за 2017 година на Центарот за стручно образование и обука

**46.** Информација од Работната група за прогресот на активностите околу решавање на проблемите на Општина Пласница

**47.** Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај, за периодот јули-декември 2017 година за аеродромите „Меѓународен Аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" - Охрид на ТАВ Македонија

**48.** Информација во врска со реализација на Твининг проектот ,,Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis-от во областа на квалитетот на водата"

49. Информација за укинување на Заклучокот од Владата на Република Макединија, донесен на седница, одржана на 10.3.2015 година

50. Годишен извештај за работата на Национално координативно тело против семејно насилство за 2017 година

51. Информација за реализираниот Проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2018 година

52. Информација за постапување по предметите за надомест на штета на лица неоправдано осудени и неосновано лишени од слобода за 2017 година

53. Информација за постапување по предметите за помилување во 2017 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

54. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Кредитно биро, по скратена постапка

55. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, по скратена постапка

56. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, по скратена постапка

57. Информација за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2018“ на Светска банка

58. Информација со анализа и предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Плаќање даноци од извештајот Doing Business 2018 на Светска банка

59. Информација за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс Ресоурцес“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука

60. Информација за исполнетоста на условите за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато, на Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје, на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село

61. Информација за досегашните активности на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ и интензивирање на активностите поврзани со проектот за Универзитетскиот клинички центар на локација во Општина Карпош

62. Информација за измени на Листата на медицинска опрема која претставува Анекс 3 од Договорот за заем, потпишан помеѓу Владата на Република

Македонија и Владата на Република Италија, за спроведување на втората фаза од „Програмата за рационализација на системот за управување и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор“, со измени на Листата

63. Информација за утврдување на геодетски работи за посебни намени за изработка на ажурирани геодетски подлоги за плански опфат за изработка на архитектонско урбанистички проект од Урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес со основна класа на намена В2 - здравство и социјална заштита, компатибилни класи на намена на основната и градби со класа на намена Е2 - катни гаражи

64. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање Културно-информативен центар на Република Македонија во Тирана и Културно-информативен центар на Република Албанија во Скопје, со Нацрт-текст на Спогодба

65. Информација за изнајмување на облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на Министерството за информатичко општество и администрација

66. Информација за објавување на службените трошења на именуваните директори и заменици на директори на јавните претпријатија, самостојните органи на државната управа, правните лица со јавни овластувања, акционерските друштва во државна сопственост и органите во состав на министерствата на официјалните веб-страници

67. Информација за отворање на Канцеларија за соработка со дијаспората во Општина Штип, со Предлог-одлука

68. Информација за потпишување на Договорот за доделување на државна помош на корисникот на државна помош - Друштво за производство и трговија Костал Македонија ДООЕЛ Охрид, по претходно постапување на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по Заклучок на Владата (Точка 1 од 61-та седница на Владата, одржана на 27.3.2018 година), т.е доставување до Комисијата за заштита на конкуренцијата ново известување за планирано доделување на државна помош согласно предложениот договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид, по ништовноста на Решението УП бр.10-64 од 29.12.2016 година на Комисијата за заштита на конкурекцијата

69. Информација со предлог-опции за набавка на моторни возила од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

70. Предлог-годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2018 година

71. Информација во врска со можност за започнување на нова постапка за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници

72. Информација за склучување на Анекс кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг Бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година, склучена помеѓу Република Македонија-Министерство за финансии и Јавно сообраќајно претпријатие - Скопје од Скопје, со Предлог-анекс број 1 кон Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година

*

*         *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**
    - Информација за отворени прашања од ИПА, со ИПА Мастер план (статус 2.3.2018 година)

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања од ИПА, со ИПА Мастер план (статус 2.3.2018 година) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда до 20 април 2018 година да ја поднесе до Националниот совет за ИКТ Предлог-листата за набавки, подготвена од страна на консултантот.

Согласно ова, се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги запази роковите во делот на донесувањето на законските решенија и предлозите од кои што зависат овие заклучоци и се во прилог на материјалот.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски да го пренесе задолжението на Националниот совет за ИКТ да се вклучи во временото обезбедување на писмена согласност за листата на набавки од страна на сите правосудни институции и свое мислење во рок од 15 дена, односно заклучно со крајот на април 2018 година.

Согласно ова, се задолжува Министерството за правда да ги запази роковите и во рок од 30 дена да достави Извештај до Владата за исполнувањето на обврските, односно дали се запазени роковите, како и за евентуалните проблеми со кои се соочуваат.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски да го пренесе задолжението на Националниот совет за ИКТ да се вклучи во Предлог-заедничка платформа за времена размена на информации до конечно разрешување на проблемот со функционалноста на Регистарот на население.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со правилници на Фондот за иновации и технолошки развој за инструментите за поддршка - кофинансирани грантови согласно Планот за економски раст на Владата - столб 3, со Предлог-одлуки (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели“).

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за микро претпријатија.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста.

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица.

5. Формира Работна група за следење на реализацијата на столб 3 од Планот за економски раст на Владата на Република Македонија, составена од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, Фондот за иновации и технолошки развој, Министерството за економија, Стопанска комора на Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија и Стопанска комора на северо-западна Македонија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата:

1. Го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола за 2017 година, како материјал за информирање.

2. По Годишната пресметка за 2017 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната пресметка за 2017 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, во предложениот текст.
Истовремено, согласно Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата заклучи:

- Се задолжува Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството- Битола:

- да вложи дополнителни напори во насока на зголемување на советодавните активности кои се реализираат преку методот на посета на самото стопанство,

- при доставување на наредните извештаи да бидат вклучени поаналитички информации за реализирани совети и активности од аспект на типот и областите на остварените совети и активности и нивната регионална димензија,

- да се преиспита реализацијата на комерцијалните активности за испитување на ефектите од примена на комерцијален производ, од аспект на големината на ангажираните и скромни ресурси на Агенцијата а со цел приоритетно исполнување на основните цели на постоење на институцијата.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за посебните барања за безбедност и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителни задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна, како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за посебните барања за безбедност и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителни задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна, како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за храна и ветеринарство, во соработка со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања да ги усогласи и доработи Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и Кореcподентната табела.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност на Правилникот за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го разгледа Конечениот извештај за извршена ревизија на успешност-Ефективност на единиците на локална самоуправа во годишното планирање и реализација на Годишниот план за јавни набавки, со дополнувањето, како материјал за информирање.

Исто така, се препорачува на единиците на локалната самоуправа кои биле предмет на ревизија, во рок од 30 дена да изработат Акциски план за имплементација на дадените препораки, а надлежното Министерство за локална самоуправа да го следи и олесни процесот на имплементација на дадените препораки, согласно Мислењето на Министерството за локална самоуправа.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се препорачува на градоначалниците и Советот на општините да преземат мерки и активности за зајакнување и подобрување на кадровската екипираност на единиците за јавни набавки, како и континуирана стручна обука и едукација на лицата вклучени во процесот на јавните набавки.

2. Се препорачува на градоначалниците и Советот на општините заради подобрување на функционирањето на организационите единици да преземат мерки и активности за пропишување и донесување на интерни процедури за:

- утврдување на приоритети при избор на проекти во годишните програми, со јасни и прецизни критериуми, како основа за изработка на годишниот План за јавни набавки и

- процесот на јавни набавки, вклучувајќи го и годишното планирање, измените и дополнувањата на планот за јавни набавки како и начинот на известување кон органите на управување во однос на негова реализација.

3. Се препорачува на градоначалниците и Советот на општините, планирањето на потребите од јавни набавки да го вршат во рамки на реалните можности на општината за реализација на планираните приходи.

4. Се препорачува на градоначалниците и Советот на општините да преземат мерки и активности за редовно ажурирање на планот за јавни набавки, при промена на буџетот на општината.

5. Се препорачува на градоначалниците и Советот на општините како и лицата инволвирани во постапките за јавни набавки да преземат активности, во насока:

- при изработка на тендерската документација прецизно да се утврди видот на набавката (стоки, услуги или работи) и

- тендерската документација во делот на техничката спецификација да биде дефинирана на начин кој ќе го обезбеди очекуваниот квалитет на предметот на набавка.

6. Уредување на начинот на следење и известување на органите на управување во општините, за реализацијата на Годишниот план за јавни набавки, преку релевантни квантитативни и квалитативни индикатори.

7. Се препорачува на Бирото за јавни набавки, во соработка со надлежните органи, да преземе мерки и активности за преиспитување и доуредување на законските акти, кои ги уредуваат:

- начинот на утврдување на видот на набавка (стоки, услуги и работи) во случаи кога постои комбинација на набавка на стока, работи и услуги,

- најниската цена како критериум при избор на најповолна понуда и

- задолжителноста за објавување на проценета вредност на набавката.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата од одржаниот состанок на Работната група формирана со Решение на министерот за транспорт и врски, со број 02-12001/1 од 19.12.2017 година (П.Бр.1110/15) и ја усвои со заклучок:

- се овластува Државното правобранителство на Република Македонија да поведе постапка пред Основен Суд Скопје 2 Скопје за судски депозит само на име данок на промет на недвижности по Решение од Град Скопје У.П бр.10/1-8266/1 од 24.10.2006 година, во вкупен износ од 4.418.700,00 денари по Договор за оттуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање склучен помеѓу Друштво за посредување и трговија Гемак Траде Енвер ДООЕЛ експорт - импорт Скопје и Република Македонија - Министерство за транспорт и врски, Скопје, заведен под број 22-10688/1-06 од 27.6.2006 година, по Решение У.П бр.10/1-8267/1 од 24.10.2006 година, во вкупен износ од 2.942.280,00 денари по Договор за оттуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање, склучен помеѓу Друштво за посредување и трговија Гемак Траде Енвер ДООЕЛ експорт - импорт Скопје и Република Македонија - Министерство за транспорт и врски, Скопје, заведен под број 22-10690/1-06 од 27.6.2006 година, по Решение У.П бр.10/1-8268 од 30.10.2006 година на име данок на промет на недвижности во вкупен износ од 3.646.500,00 денари по Договор за оттуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање склучен помеѓу Ејуп Аљими од Скопје и Република Македонија - Министерство за транспорт и врски, Скопје, заведен под број 22-10582/1-06 од 27.6.2006 година.

Истовремено, Владата му предлага на Државното правобранителство на Република Македонија да го разгледа предметот во целост, да ја согледа можноста за спогодбено решение, со цел да се избегне можноста од идни трошоци во постапката.

## Точка 7

Владата ја разгледа Предлог-иницијативата за формирање на „Национално координативно тело за изедначување на правата на лицата со попреченост во Република Македонија“ при Владата на Република Македонија, со Предлог-одлука и Предлог-решение и заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија, во предложениот текст.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија во рок од седум дена по добивање на номинациите за претседавач и членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија, до Владата да достави Предлог-решение за именување претседавач и членови на Националното координативно тело.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од подготовка на детална длабинска анализа на компании во државна сопственост и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ги преземат сите потребни активности за спроведување на постапка за ангажирање на компанија која ќе изврши детална длабинска анализа согласно светските стандарди и ќе понуди соодветен модел за продажба на компании во државна сопственост најдоцна за 15 дена.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во октомври 2018 година да ја информира Владата за прогресот на активностите за подготовката на деталната длабинска анализа на компании во државна сопственост.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, со усогласен текст на Меморандум на македонски и англиски јазик (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

2. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

Истовремено, согласно Мислењето на Министерството за финансии, Владата заклучи средствата за реализација на активностите од Меморандумот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Г Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Г.Соње, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, со нов текст на Јавен оглас, Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 13

Владата на предлог на м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со постапките за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Банско" Општина Струмица, со Предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

## Точка 14

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 15

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на изменувањата на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со Одлуката број 1/2018 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија, Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Бугарија за соработка во случај на катастрофи, го утврди и заклучи

согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

**<u>Точка 17</u>**

Владата го разгледа Предлог-законот за поддршка на млади при купување на музички инструменти (нов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот да изостане делот за доставување на документација за брат/сестра кон барањето за поврат на средства.
2. Пречистениот текст на Предлог-законот за поддршка на млади при купување на музички инструменти, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Тренеска Дескоска, министер за образование и наука и д-р Арбер Адеми, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

Истовремено, Владата заклучи средствата потребни за реализација на активностите предвидени со Предлог-законот да се обезбедат во рамките на буџетот на Министерството за образование и наука.

**<u>Точка 18</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавна набавка за склучување на повеќегодишни договори за изградба и надзор над изградба на ново училиште во место викано Љубош, КО Долно Количане, с. Батинци, Општина Студеничани, ја усвои Информацијата и му одобри на Министерството за образование и наука отпочнување на постапки за јавна набавка за склучување на повеќегодишни договори за изградба и надзор над изградба на ново училиште во место викано Љубош, КО Долно Количане, с. Батинци, Општина Студеничани.

**<u>Точка 19</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектот „Реконструкција на ЈЗУ Општа болница - Струмица“, со Акциски план и го усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за прераспределување на средствата за повеќегодишниот договор за јавна набавка за реконструкција на ЈЗУ Општа болница - Струмица со следниов начин и динамика на плаќање и тоа:

од средства од Буџет на Република Македонија:
- 45.000.000 денари во 2018 година
- 55.000.000 денари во 2019 година

од сопствени средства на Министерство за здравство:
- 45.000.000 денари во 2018 година
- 55.000.000 денари во 2019 година

2. Го прифати новиот текст на Акцискиот план за проектот „Реконструкција на ЈЗУ Општа болница - Струмица“.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Фаза 2 од Проектот за изградба на Регионална клиничка болница Штип (најнов текст), со Акциски план и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за проектот - Изградба на Клиничка болница Штип (нов текст).
2. Се задолжува Министерството за здравство следната информација за прогрес на активностите од акцискиот план за проектот - Изградба на Клиничка болница Штип да ја достави до Владата за шест месеци.

**Точка 21**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за прогресот во реализацијата на Акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност, за наредната седница на Владата.

**Точка 22**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување на Национален акциски план 2018-2020 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020, со нов текст на Предлог-заклучоци и Национален акциски план за родова еднаквост 2018-2020 за наредната седница на Владата.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа Барањето на Билал Кара, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за финансии утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 25**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата го симна од Дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, поднесен од група пратеници.

## Точка 29

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

## Точка 30

Владата го симна од Дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесен од група пратеници.

## Точка 31

Владата го симна од Дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија.

## Точка 32

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 11 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017) поднесено од Народниот правобранител на Република Македонија и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 11 од Законот за основното образование:

„Во основното училиште се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.“

Одредбата од член 11 од Законот за основното образование е во согласност со член 19 став 3 од Уставот на Република Македонија кој гласи: „Македонската православна црква,

другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот.“

Постапувајќи согласно овој член од Уставот, законодавецот регулира дека верското организирање и дејствување, како и истакнувањето на верски обележја, во кои спаѓаат карактеристичните симболи со кои се идентификуваат религиите и религиозните групи во Република Македонија, на видни места во просториите на основните училишта во Република Македонија се неспојливи со воспитно-образовната дејност во основните училишта.

Согласно член 19 ставовите (1) и (2) од Уставот на Република Македонија, е уредено дека:

„Се гарантира слободата на вероисповеста.

Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата“.

Имајќи предвид дека одредбата од член 11 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), е прецизна и јасна, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на членот 11 од Законот за основното образование, поднесено од Народниот правобранител на Република Македонија.

## Точка 33

Владата ја разгледа Инцијативата од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.16/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.31/1985, 51/1988, 23/1990 и 17/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.32/1993), член 19 став 1 во делот на зборот „осум“ и член 19 став 3 во делот на зборот „не“ од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара поведување на постапка за оценување на уставност и законитост на член 16 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 31/1985, 51/1988, 23/1990, 17/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/1993), член 19 став 1 во делот на зборот „осум“ и член 19 став 3 во делот на зборот „не“ од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015).

Во Иницијативата се наведува дека согласно член 16 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 31/1985, 51/1988, 23/1990, 17/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/1993) е утврдено дека ако инспекторот на трудот утврди повреда на законите, другите прописи и општи акти, над чија примена врши инспекциски надзор, со решение ќе нареди во определен рок да се отстранат утврдените неправилности и недостатоци.

Исто така, подносителот во Иницијативата наведува дека со член 4 став 3 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016 и 11/2018) е утврдено дека секој може да поднесе иницијатива за поведување на постапка за инспекциски надзор, додека согласно член 9 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015) во постапката при вршење инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Понатаму, според подносителот на иницијативата со Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015) во член 1 се уредува постапката за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи. Со член 2 став 2 од истиот Закон се утврдува дека со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој Закон.

Подносителот наведува дека со член 14 од Законот за општата управна постапка се уредува начелото на правна заштита, односно дека согласно став 1 странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или реален акт согласно со законот, а согласно ставот 2 против првостепените управни акти странката има право на жалба во случаи утврдени со закон, додека согласно став 5 против управните акти донесени во втор степен, како и против управните акти донесени во прв степен против кои не е дозволена жалба странката може да поведе управен спор. Исто така, подносителот наведува дека согласно членот 104 став 1 од Законот за општата управна постапка странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или пропуштање на управно дејствие, ако тврди дека со тоа дејствие или пропуштање се повредени нејзините права или правни интереси, додека со став 4 се утврдува дека кога жалбата, односно приговорот не се загарантирани со закон, странката има право да поведе управен спор.

Оттука, според наводите на подносителот на Иницијативата член 16 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 31/1985, 51/1988, 23/1990, 17/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/93) во смисла на членот 4 ставот 3 од Законот за инспекциски надзор и согласно членот 9 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015), ги става во понеповолна, подредена положба подносителите на Иницијативата за поведување на постапка за инспекциски надзор, во однос на тоа дека право да добијат решение, односно управен акт, единствено имаат субјектите на инспекцискиот надзор, но не и подносителите на иницијативата, а во смисла на тоа дека законодавецот им ги намалил правата и правните интереси, односно ја намалил правната заштита согласно член 2 став 2 и член 15 од Законот за општата управна постапка, притоа создавајќи кај инспекторот можност за ескивирање и

грубо кршење на уставните начела, со што оспорениот член не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, член 8 став 2, член 9 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, посочуваме дека членовите 16, 17, 18, 19 и член 26 став 3 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 31/1985, 51/1988, 23/1990, 17/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/93), со донесување и влегување во сила на Законот за заштита при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/1998) согласно членот 63 од овој Закон, престануваат да важат, а со тоа и да постојат во правниот поредок на Република Македонија, со што оспоруваниот член 16 не може да биде предмет на оценување на уставност.

Подносителот на Иницијативата наведува дека членот 19 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015) со кој се предвидува рок од осум дена за поднесување на жалба против решението на инспекторот на труд е во спротивност со член 106 став 1 од Законот за општата управна постапка каде е утврдено дека странката може да изјави жалба против управен акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, а со тоа зборот „осум“ од членот 19 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот смета дека не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 19, став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/15 и 147/2015) против решението на инспекторот за труд може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението. Вака утврдениот рок не е во спротивност со член 106 став 1 од Законот за општата управна постапка со кој се утврдува дека странката може да изјави жалба против управен акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, од причини што со членот 2 став 2 од Законот за општата управна постапка се уредува дека со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку доколку не се во спротивност со основните начела и целите на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон. Поаѓајќи од специфичноста на постапката за инспекциски надзор од областа на трудот донесен е Законот за инспекцијата на трудот, како lex specialis во однос на Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор, па оттука со оглед на специфичноста и итноста на постапката за инспекциски надзор се определени пократки рокови за изјавување на жалба во однос на Законот за општата управна постапка. Следствено на тоа, утврдениот рок од 8 дена во Законот за инспекцијата на трудот е во интерес на заштита на правата и правните интереси на странките од областа на работните односи, бидејќи за нив се поповолни пократки рокови заради побрзо решавање на прашањата од оваа област. Поради ова сметаме дека одредбата од членот 19 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Понатаму, подносителот на Иницијативата во однос на член 19 став 3 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015) кој утврдува дека против конечното решение на инспекторот на трудот, донесено по барање на работник за одложување од извршување на конечна одлука на работодавачот, за која се води работен спор пред надлежен суд, не може да се поведе управен спор, го оспорува зборот „не“, односно смета

дека не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 50 став 2 и член 51 од Уставот на Република Македонија, од причини што не е во согласност и со член 2 став 2 од Законот за општата управна постапка каде е предвидено дека со посебните закони одделни работи можат да се уредуваат поинаку, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на законот и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирани со Законот.

Согласно член 19 став 3 од Законот за инспекцијата на трудот против конечното решение на инспекторот на трудот, донесено по барање на работник за одложување од извршување на конечна одлука на работодавачот, за која се води работен спор пред надлежен суд, не може да се поведе управен спор. Вака утврдената одредба се однесува само за конечни решенија на инспекторот на трудот кои се донесени по барање на работникот со кое бара одложување на извршување на конечна одлука на работодавачот кога се работи за престанок на работниот однос, за кој инспекторот утврдил дека е незаконски и со неговото решение се овозможува задржување на работа на работникот кај работодавачот, до донесување на конечна судска пресуда од страна на судот за законит или незаконит престанок на работниот однос. Ваквото законско решение е во согласност со член 262 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016) кој гласи:

„(1) Ако инспекторот на трудот утврди дека со конечна одлука на работодавачот е повредено право на работникот, на барање на работникот, со решение ќе го одложи извршувањето на таа одлука, ако работникот завел работен спор до донесувањето на правосилна одлука на судот.

(2) Работникот од ставот (1) на овој член, барањето до инспекторот на трудот може да го достави во рок од 30 дена од денот на поведувањето на работниот спор пред надлежниот суд.

(3) Против конечното решение на инспекцијата на трудот од ставот (1) на овој член не може да се покрене управен спор“.

Оттука, член 19 став 3 од Законот за инспекцијата на трудот како комплементарен со член 262 од Законот за работните односи, не е во спротивност со член 14 став 1, став 2 и став 5, член 15 став 1, член 104 став 1, став 3 и став 4 од Законот за општата управна постапка, односно не е во спротивност со член 2 став 2 од Законот, од причини што со таквата одредба не се намалува правната заштита и правните интереси на странките, а со тоа не е сторена повреда на член 8 став 1 алинеја 3, член 50 став 2 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека Иницијативата за оценување на уставноста на член 16 став 1 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 31/1985, 51/1988, 23/1990, 17/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/1993), зборот „осум“ од член 19 став 1 и зборот „не“ од член 19 став 3 од Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015), е неоснована поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за

оценување на уставноста на наведените законски одредби со оглед на фактот што истите се во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 34

Владата го разгледа Решението под У.бр. 133/2017 донесено од Уставниот суд на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.2.2018 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 став 1 во делот „и исполнет нормиран учинок“ и ставови 2, 3 и 4 и член 7-б ставови 1 и 3 од Законот за минималната плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017) и притоа го утврди следното мислење:

Во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017), се наведува дека членот 2 став 1 во делот: „и исполнет нормиран учинок“ и ставовите 2, 3 и 4 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017), во делот „не утврди нормиран учинок (член 2 став 2) и не издаде потврда за остварениот нормиран учинок (член 2, став 4)“ не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 32 ставовите 3 и 5, член 51 и член 58 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот на Иницијативата, ја смета за неуставна одредбата на член 2 став 1, според која минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок.

Според подносителот неуставни се и одредбите од член 2 ставовите 2, 3 и 4 каде е уредено дека нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко-технолошка целина кај работодавачот.

Со ставот 2 предвидено е дека нормираниот учинок треба да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко-технолошка целина, поодделно.

Работодавачот е должен, на крајот на секој месец, на работникот да му издаде потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата (став 4).

Неуставност според подносителот на Иницијативата постои и во член 7-б од Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата, каде е утврдена глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност која ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице ако:

- не утврди нормиран учинок (член 2, став 2) и

- не издаде потврда за остварениот нормиран учинок (член 2, став 4), а глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член на одговорното лице во правното лице.

Одредбата за утврдената глоба во законот е директно поврзана со одредбата од член 2 став 2 и 4 и со што всушност се обезбедува директна заштита на работничките права во делот на исплатата на минимална плата.

Наведените одредби од законот, според предлагачот на Иницијативата, се неодржливи во правниот поредок на Република Македонија од уставно-правен аспект, односно со исполнетиот нормиран учинок, критериумите на ефикасност на производниот процес, во соработка со работниците, со бруто износот на минималната плата се обезвреднува гарантираната висина на минималната плата и таа не може да го достигне најнискиот месечен износ на основна плата, како што е уредено во општата одредба на член 2 став 1 од Законот за минимална плата во Република Македонија.

Понатаму, неуставност според подносителот на Иницијативата постои затоа што не е определено што се подразбира под поимот критериуми на ефикасност на производниот процес и како и на кој начин ќе се обезбеди соработка со засегнатите работници, преку кој правен акт, бидејќи според член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија, остварувањето на правата на работниците и нивната положба се уредува само со закон и колективен договор, а не во соработка со работниците.

Иницијаторите сметаат дека владеењето на правото подразбира доследна примена на законски прописи, кои треба да се општи, точно одредени и недвосмислено формулирани правила, а не непрецизни и непропорционални, како што според нив се оспорените законски одредби и термини.

Според нив со овие законски одредби нема да има гарантирана минимална плата за работниците со полно работно време, поради вметнатите термини, како исполнет нормиран учинок, критериуми за ефикасност на производниот процес, во соработка со работниците и висината на минималната плата во бруто износ.

Неуставност според подносителот на Иницијативата постои поради постоењето на овие термини и тие претставуваат пречка за остварување на минимална плата за работниците согласно закон.

Во Иницијативата доставена до Уставниот суд, предлагачот смета дека согласно членот 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со Уставот е уредено дека темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се: основните слободи и правото на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста и по својата суштина ги негира дискриминацијата, привелигиите и повластувањата по основ на социјалното потекло и општествената положба.

Меѓутоа, според иницијаторите вработените кои примаат минимална плата се дискриминирани во однос на другите вработени поради наведените причини, а според предлагачите согласно членот 51 од Уставот на Република Македонија е уредено дека во

Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да го почитува Уставот и законите.

Напред наведените одредби од Законот за минимална плата и Законот за измени и дополнување на Законот за минимална плата не се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 32 став 3 и 5, член 51 и 58 од Уставот на Република Македонија поради следниве причини:

Нема неуставност на член 2 став 1, 2, 3, и 4 од Законот со ниедна од напред наведените одредби од Уставот на Република Македонија, бидејќи со Законот за минимална плата во Република Македонија, во ставот (1) е предвидено дека минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок. Со измените и дополнувањата на Законот, се изврши дополнување на членот 2 со три нови става според кои нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко-технолошка целина кај работодавачот (став 2).

Со ставот (3), од истиот член е предвидено дека нормираниот учинок треба да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко-технолошка целина, поодделно.

Со ставот (4) е предвидена обврска на работодавачот, на крајот на секој месец, на работникот да му издаде потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата.

Согласно членот 2 став 1 од Законот за минимална плата во Република Македонија, во кој е предвидено дека минималната плата е најнизок месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за полно работно време и исполнет нормиран учинок, па поради тоа и исплатата на платата на работникот, меѓу другото, треба да зависи од однапред утврдени и остварливи резултати на работникот во работниот процес. Заради допрецизирање на поимот нормиран учинок, со измените и дополнувањата на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/2017) само се утврди начинот како, врз основа на што и кој треба да го утврди нормираниот учинок за да може на работникот да му се исплати минимална плата согласно закон. Со Законот се дава можност нормираниот учинок да се утврдува од страна на работодавачот во соработка со работниците, врз основа на ефикасност на производниот процес, односно при неговото утврдување треба да учествуваат двете страни, истиот да е прифатлив за поголем број на вработени и да е познат на почетокот на годината. Се смета дека ваквиот пристап на утврдување на нормираниот учинок е остварлив затоа што при утврдувањето на нормираниот учинок учествуваат двете страни, со што се обезбедува транспарентност при неговото утврдување и не се создава простор за обезвреднување на минималната плата ниту пак е пречка за остварување на минималната плата согласно закон. Исто така, и при утврдувањето на критериумите на ефикасност на производниот процес предвидено е да учествуваат двете страни (работодавачот и работникот), при што е потребна взаемна согласност при утврдување на истите, во форма и содржина за која страните ќе постигнат согласност, а со тоа ќе се обезбеди гаранција за исплата на минимална плата.

Во врска со примената на нормираниот учинок, Министерството за труд и социјална политика, Државниот инспекторат за труд и Организацијата на работодавачите подготвија насоки за примена на минимална плата во кои се прецизира примената на нормираниот учинок, при што јасно е наведено дека работодавачите кои имаат обврска да утврдат нормиран учинок, истото треба да го направат со интерен акт во соработка со работниците. Со ова јасно е дефинирано формата и видот на соработката што работодавачот треба да ја има со работниците во процесот на утврдувањето на нормираниот учинок. Интерниот акт треба да содржи назив на работно место за кое се врши нормирањето, методот на нормирање може да се врши врз основа на примена на претходно искуство, самостојно мерење, самостојни проценки, а мерењето на резултатот, односно нормираниот учинок треба да е мерлив, изразен во количини, време, вредност или слично. Нормираниот учинок може да се воведе само за работни задачи за кои обемот на работењето егзактно може да се измери. Нормата по правило треба да се утврди по работно место, а доколку двајца или неколку работници работат заедничка работа, во тој случај може да се утврди групна норма.

Според наведеното, со носењето на интерниот акт во соработка со работниците (синдикална организација или претставник на вработени) се обезбедува суштинско учество на работниците во утврдување на нормата при исплатата на минимална плата и со самото тоа утврдувањето на нормираниот учинок не претставува дискреционо право на работодавачот.

Во однос на издавањето на потврдата за исполнет нормиран учинок, се смета дека на овој начин се овозможува дополнителна заштита на работникот дека работодавачот соодветно ја утврдил висината на платата во зависност од исполнетоста на нормата, а во исто време работникот со поседувањето на потврдата има гаранција дека работодавачот е должен на работникот да му исплати минимална плата во висина утврдена со закон.

Со утврдената висина на глоба за работодавачот - правно лице и одговорното лице во правното лице, се обезбедува директна заштита на работничките права во делот на исплатата на минимална плата.

Според напред наведеното, одредбите од членот 2 став 1, 2, 3 и 4, член 7-б ставови 1 и 3 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017), не се во спротивност со одредбите од член 9, став 1 и 2, член 32, ставови 1, 2, 3 и 4, член 58 став 1, член 8 став 1, алинеи 3 и 8, член 11, став 2, член 34, член 35 став 1, член 51 и член 54, ставови 1 и 3 од Уставот, ниту пак се загрозува слободата и правото на работа како основни постулати на проблематиката за вработување, како круцијално економско право на граѓаните согласно Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, а во врска со Решението под У.бр. 133/2017 донесено од Уставниот суд на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.2.2018 година, Владата на Република Македонија смета дека член 2 став 1 во делот „и исполнет нормиран учинок“ и ставови 2, 3 и 4 и член 7-б ставови 1 и 3 од Законот за минималната плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015 и 132/2017) се во согласност на одредбите на Уставот на Република Македонија.

## Точка 35

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Кристијан Трајковски од Скопје до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.12/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборовите „со правосилна пресуда“ од членот 1 став 1 алинеи 1 и 2 и зборовите „изречена со правосилна пресуда“ од членот 2 став 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Наводите во Иницијативата поднесена од подносителот Кристијан Трајковски од Скопје за оцена на уставноста на член 1 став 1 алинеја 1 и 2 и зборовите „изречена со правосилна пресуда“ од член 2 став 2 на Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018), се неосновани, поради следново:

Во Иницијативата се наведува дека: горенаведените одредби не се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, член 9 и член 51 од Уставот на Република Македонија, од причина што во притвор во казнено-поправните установи или во домашен притвор има и лица кои делата не ги сториле по 20 септември 2017 година, осудени за истите дела за кои се однесува амнестијата, но пресудите не им се правосилни и на нив не се однесува амнестијата. Со тоа, лицата осудени на казна затвор, кои се наоѓаат во притвор или во домашен притвор до правосилност на пресудата, се доведувале во нееднаква положба со лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за истите дела за кои се однесува амнестијата.

Согласно членот 113 од Кривичниот законик „На лицата кои се опфатени со акт на амнестија им се дава ослободување од гонење или потполно или делумно ослободување од извршување на казната, им се заменува изречената казна со поблага казна, им се определува бришење на осудата или им се укинува определена правна последица од осуда.“.

Со наведената одредба давателот на амнестија има можност во зависност од причините за амнестија да го избере опфатот на амнестијата односно дали истата ќе се однесува на ослободување од гонење или на потполно или делумно ослободување од извршување на казна или ќе се определи за замена на изречената казна со поблага казна, за бришење на осудата или за укинување на определена правна последица од осуда.

Согласно членот 2 од Законот за кривична постапка: Лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда.

Согласно членот 21 став 1 точка 3 „Осуден е лице кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично оговорен за определено кривично дело“.

Според член 42 од цитираниот закон „Јавниот обвинител во случаи определени со закон може да се откаже од кривичното гонење до завршувањето на кривичната постапка.“.

Амнестијата секогаш се однесува на определена категорија на казнени дела, на определена категорија на сторители или осудени лица, или на определени казни.

Исто така, амнестијата се однесува на веќе сторени, а не на идни дела и е неотповиклива, така што Собранието не може да донесе закон со кој ќе ја повлече дадената амнестија или пак да даде „неодредена амнестија“ што би се однесувала на сите казнени дела, бидејќи

на тој начин ќе се суспендира примената на Кривичниот закон на Република Македонија за одредено време што би значело фактички укинување на самиот закон.

Во конкретниот случај доколку законодавецот не би прецизирал дека ослободувањето од извршување на казната затвор односно нејзиното намалување за 30% се однесува на лица осудени со правосилна пресуда за определени кривични дела и истата да се однесува на сите лица кои се обвинети по основите за кои се дава амнестија, секое временско ограничување на амнестијата во ваков случај повторно би било основ за поднесување на уставни иницијативи за продолжување на даденото временско ограничување што е целосно спротивно на основните постулати на овој институт кој се смета за еднократна милост на државата кон определена категорија на сторители на кривични дела и за одреден вид кривични дела на денот на стапување во сила на Законот.

Воедно, со Законот за амнестија од 1999 година, амнестија беше дадена на лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија, како и на лица осудени со правосилна пресуда од суд на поранешни југословенски републики, кои до денот на влегување во сила на Законот започнале со издржување на казната затвор.

Согласно наведеното, неосновани се наводите во Иницијативата со кои амнестијата треба да опфати и лица на кои сеуште не им е правосилна пресудата во моментот на донесување на Законот за амнестија, имајќи предвид дека правосилна е пресудата против која не може да се изјави жалба или жалба не е дозволена.

Имено, доколку би се прифатила поднесената Иницијатива кое би било временското ограничување за кое амнестијата би се однесувала и дали на тој начин нема да се изврши целосно суспендирање на Кривичниот законик во судските постапки за кои треба да биде изречена пресудата.

Имајќи го предвид горенаведеното, законодавецот во членот 1 од Законот за амнестија јасно се определил за потполно и делумно ослободување од извршување на казна затвор на лица осудени со правосилна пресуда на денот на влегување во сила на Законот.

Неоснован е наводот во Иницијативата дека на овој начин лицата на кои сеуште не им е правосила пресудата, а се наоѓаат во притвор, домашен притвор и на кои пресудите не им се правосилни се доведуваат во нееднаква положба што е спротивно на членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, од кои причини Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборовите „со правосилна пресуда“ од членот 1 став 1 алинеи 1 и 2 и зборовите „изречена со правосилна пресуда“ од членот 2 став 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018).

## <u>Точка 36</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5414, Имотен лист бр.4321, Имотен лист 5413, Имотен лист бр.4318 и Имотен лист бр. 7518 за КО Бутел на КП бр.2024/1, КП бр. 2026/1, КП бр.2025, КПбр.2027/1 и КП бр.2024/2 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски, Мислењето на Акционерско

друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Мислењето на Државното правобранителство на Република Македонија.

## Точка 37

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр. 141/18 за КО Бутел, за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да подготви и до Владата да достави мислење по материјалот.

## Точка 38

1. Владата го избра Јован Деспотовски досегашен в.д. директор на Фондот за иновации и технолошки развој, за директор на Фондот за иновации и технолошки развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата заклучи на Елизабета Тодоровска да и престане правото да остварува плата по престанувањето на функцијата, заклучно со 22 април 2018 година, поради вработување.

3. Владата го разреши Аџибајрам Ризвани од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Охрид.

3.1. Владата го именува Мумин Ајредини за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија за неизвршен член на Советот на Народна банка на Република Македонија да го именува проф. д-р Синиша Наумоски.

5. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија за претседател и комисионери (членови) на Комисијата за хартии од вредност, да ги именува:

а) за претседател:
- Нора Алити (професионално ангажирана)

б) за комисионери (членови):
- Лиле Делиџакова (професионално ангажирана),
- Душко Гошевски,
- Кирил Јовановски и
- Зоран Колев.

6. Владата заклучи да му препорача на претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД „11 Октомври - Еурокомпозит“ Прилеп, Софче Јовановска да го отповика Александар Кузески, од должноста прв извршен член - Генерален директор на Одборот на директори, АД „11 Октомври - Еурокомпозит“ Прилеп, на негово барање.

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД „11 Октомври - Еурокомпозит“ Прилеп, Софче

Јовановска за прв извршен член - Генерален директор на Одборот на директори, АД „11 Октомври - Еурокомпозит“ Прилеп, да го избере Златко Граороски.

**Точка 39**

**1.** Во врска со обврската за континуирано објавување на службените трошења на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите, замениците на министрите, министрите без ресор, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Владата заклучи:

- Се задолжуваат претседателот на Владата на Република Македонија, министрите, замениците на министрите, министрите без ресор, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, до 20.6.2018 година до Секторот за односи со јавност во Владата да достават податоци за нивните службени трошоци за временскиот период од 1.12.2014 година до 31.5.2015 година и за временскиот период од 1.12.2017 година до 31.5.2018 година, кои треба да бидат јавно објавени преку алатката за транспарентност.

**2.** Владата го разгледа Барањето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за поништување на Одлуката за продажба на движни ствари - меркантилна пченица и јачмен за сточна храна, заради обновување и го прифати Барањето со следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви, согласно Барањето од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ја поништи постапката за продажба на движни ствари - меркантилна пченица и јачмен за сточна храна по оглас бр.1/18 и до Владата да достави текст на Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за продажба на движни ствари - меркантилна пченица и јачмен за сточна храна бр.44-2923/1 од 27 март 2018 година, која да се смета за донесена на оваа седница.

**3.** Владата на предлог на д-р Венко Филипче, министер за здравство, заклучи да се измени Заклучокот донесен на 26-та седница на Владата, одржана на 5.9.2017 година (точка 11, заклучок бр. 3), во кој рокот за доставување на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции наместо 31.10.2017 година да биде 30.9.2018 година.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 10.4.2018 до 15.4.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 40**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот октомври - декември 2017 година, како материјал за информирање

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за 2017 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“, „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и запишани во јавната книга на недвижности кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште согласно поднесеното Барање заведено во општина Илинден под бр.08-1131/1 од 26. 5.2016 година од ОКТА АД-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата го разгледа Извештајот за спроведени анализи за степенот на остварување на правата на заедниците за 2017 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Завршната сметка за 2017 година на Центарот за стручно образование и обука, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата од Работната група за прогресот на активностите околу решавање на проблемите на Општина Пласница, како материјал за информирање.

Истовремено, се препорачува на Општина Пласница да ги преземе сите потребни активности за преминување во втора фаза на децентрализација.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај, за периодот јули-декември 2017 година за аеродромите „Меѓународен Аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ - Охрид на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на Твининг-проектот „Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis-от во областа на квалитетот на водата“, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за укинување на Заклучокот од Владата на Република Македининија, донесен на седница, одржана на 10.3.2015 година, како материјал за информирање, со следните заклучоци:

1. Заклучокот бр.3 од Точка 4, од 61-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2015 година, да престане да важи.

2. Да се укине заклучокот бр.2 од Точка 4, од 61-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2015 година, каде што Министерството за економија се задолжува да предложи можност во рамките на Законот за минерални суровини за давање на концесија за старата троска, согласно укажувањата на мислењето на Министерството за економија.

**Точка 50**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Национално координативно тело против семејно насилство за 2017 година.

**Точка 51**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за реализираниот Проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2018 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по предметите за надомест на штета на лица неоправдано осудени и неосновано лишени од слобода за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по предметите за помилување во 2017 година, како материјал за информирање.“

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Кредитно биро, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска - Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска - Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2018“на Светска банка и ја усвои со следниве заклучоци:

Започнување бизнис

1. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија да формира работна група со претставници од Управата за јавни приходи, Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување на Република Македонија и Министерство за финансии која да подготви и до Владата да достави Информација за можноста и трошоците (време/средства) за креирање на заедничка платформа/интерфејс (на среден рок), преку кој на едно место електронски ќе се врши регистрирање на фирма, регистрирање на ДДВ обврзник и пријавување на работници, притоа користејќи ги постојните софтверски системи на Централниот регистар на Република Македонија, Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување на Република Македонија, најдоцна до крајот на мај 2018 година.

Работната група треба да го земе во предвид искуството на Нов Зеланд како позитивен пример каде постои софистицирана online платформа за регистрирање на фирма и преку која може истовремено да се аплицира за да се добие даночен број, регистрација на вработени и друго.

Истовремено, се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија да ја разгледа можноста и потребата од техничка помош од Европската банка за реконструкција и развој (ЕБРД) во делот и начинот за унапредување и забрзување на постапката за регистрирање на фирма согласно воспоставената соработка со ЕБРД во рамки на Иницијативата за инвестициска клима и управување и за истото да ја информира Владата, најдоцна до крајот на мај 2018 година.

2. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот- Започнување на бизнис во периодот од 1 јуни 2017 година до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот - Започнување на бизнис, најдоцна до 10 мај 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи да подготват измени на Правилникот за формата и содржината на пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност, во насока на укинување на полето за внесување податоци за трансакциска сметка (број на трансакциска сметка и назив и седиште на деловна банка) во Пријавата за регистрација за Данокот на додадена вредност, најдоцна до крајот на април 2018 година.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја разгледа можноста за отворање и активирање на банкарска сметка преку користење на видео и софтверски алатки за идентификација на сопственикот на сметката без лично присуство во банка, со Клириншката куќа - Клириншки интербанкарски системи АД Скопје (КИБС), по примерот на Естонија, најдоцна до крајот на мај 2018 година.

5. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија да подготви анализа за сите елементи и фактори кои се дел од процесот на регистрација на фирма, односно документи чие издавање е во надлежност на соодветни институции, а кои неопходно е да се издаваат во електронска форма потпишани со електронски потпис за да може да се применат во процесот на регистрација на фирми, со цел промовирање на електронската регистрација како систем достапен за користење на странките за самостојно регистрирање на субјекти/фирми и анализата да ја достави до Министерството за финансии, најдоцна до крајот на мај 2018 година. Во зависност од утврдените наоди од анализата, се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија, во соработка со Министерството за финансии да преземат соодветни активности во наредниот период, и да ја известат Владата во јуни 2018 година.

Добивање градежни дозволи

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави информација со анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот - Добивање градежни дозволи со предлог-мерки за подобрување на состојбите кај овој индикатор, најдоцна до крајот на април 2018 година.

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави информација за можноста за укинување на надоместокот за уредување на градежно земјиште (комуналии) за објекти со намена лесна индустрија, сервиси и стоваришта, најдоцна до крајот на април 2018 година.

8. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторите - Добивање градежни дозволи и Пристап до електрична енергија во периодот од 1 јуни 2017 година до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторите, најдоцна до 10 мај 2018 година.

Пристап до електрична енергија

9. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави информација за статусот на реализација на активностите во делот на индикаторот - Пристап до електрична енергија кои се однесуваат на потребата за забрзување на постапките за донесување на детални урбанистички планови од општините, потребата за доставување до сите општини, Известување со барање за доследна и целосна примена на одредбите од Законот за градење и Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, како и за можноста за изменување на Законот за градење, во насока на обезбедување можност одобрението за употреба на електроенергетски објекти да се издава без решени имотно-правни работи, најдоцна до крајот на април 2018 година.

Пристап до кредити

10. Се задолжува Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, во насока на дефинирање на временски период до кога може да бидат стопирани сите активности на доверителите за наплата на побарувањата од должникот, најдоцна до крајот на април 2018 година, со цел истите да бидат опфатени и земени во предвид во рамки на периодот на оценување од страна на тимот на Doing Business при подготвување на наредниот извештај или при првите наредни изменувања и дополнувања на Законот за стечај.

Заштита на малцински инвеститори

11. Се задолжува Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва во кој ќе се предвиди заинтересираната страна на чија иницијатива е склучена зделката, да го врати профитот остварен од штетната трансакција, како и доуредување на одредбите за обелоденување на информации за членовите на органите на управување за нивна ангажираност во органи на управување во други компании, најдоцна до крајот на април 2018 година, со цел истите да бидат опфатени и земени во предвид во рамките на периодот на оценување од страна на тимот на Doing Business при подготвување на наредниот извештај или при првите наредни изменувања и дополнувања на Законот за трговските друштва.

Решавање на несолвентност

12. Се задолжува Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, во насока на обезбедување на пристап на доверителите до информации во врска со финансиската состојба на должникот во текот на стечајната постапка, најдоцна до крајот на април 2018 година, со цел истите да бидат опфатени и земени во предвид во рамките на периодот на оценување од страна на тимот на Doing Business при подготвување на наредниот извештај или при првите наредни изменувања и дополнувања на Законот за стечај.

13. Се препорачува на Град Скопје да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот - Регистрирање на имот во периодот од 1 јуни 2017 година до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности поврзани со овој индикатор, најдоцна до 10 мај 2018 година.

14. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот Регистрирање на имот во периодот од 1 јуни 2017 година до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот - Регистрирање на имот, најдоцна до 10 мај 2018 година.

15. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со спроведени активности во делот на индикаторот - Пристап до електрична енергија, во периодот од 1 јуни 2017 година до 1 мај 2018 година од ЕВН „Македонија“, најдоцна до 10 мај 2018 година.

16. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторите Добивање градежни дозволи и Регистрирање на имот во периодот од 1 јуни 2017 година до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности поврзани со овие индикатори, најдоцна до 10 мај 2018 година.

17. Се задолжува Министерството за финансии-Управа за јавни приходи да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторите - Започнување бизнис и Плаќање даноци во периодот од 1 јуни 2017 година до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности во однос на индикаторите, најдоцна до 10 мај 2018 година.

18. Се задолжува Царинската управа да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот Прекугранично тргување во периодот од 1 јуни 2017 до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности поврзани со овој индикатор, најдоцна до 10 мај 2018 година.

19. Се задолжува Министерството за правда да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот - Спроведување на договори во периодот од 1 јуни 2017 година

до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот, најдоцна до 10 мај 2017 година.

20. Се задолжува Министерството за економија да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторите - Пристап до кредити, Заштита на малцински инвеститори и Решавање на несолвентност во периодот од 1 јуни 2017 година до 1 мај 2018 година, како и за планираните активности поврзани со овие индикатори, најдоцна до 10 мај 2018 година.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата со анализа и предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Плаќање даноци од извештајот Doing Business 2018 на Светска банка и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи во соработка со Министерството за финансии да подготви и до крајот на мај 2018 година до Владата да достави информација за статусот на доуредување и имплементација на интерната процедура за автоматизација на процесот за поврат, пребивање и пренасочување на ДДВ со креирање електронски налози до Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи да ја достави до Министерството за финансии на македонски и англиски јазик и Процедурата за вршење контрола на даночните обврзници за данокот на добивка.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи да достави до Министерството за финансии на македонски и англиски јазик материјал со податоци за извршени контроли при поврат на ДДВ и данок на добивка во текот на 2017 и почетокот на 2018 година, најдоцна до 31 мај 2018 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи да подготви Акциски план со Предлог-мерки за подобрување на рангот кај индикаторот Плаќање на даноци и до крајот на декември 2018 година до Владата да достави Информација за статусот на реализација на мерките и активностите опфатени со Акцискиот план.

**Точка 59**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, на Друштвото за производство, промет и услуги Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за исполнетоста на условите за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато, на Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје, на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, за наредната седница на Владата.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за досегашните активности на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ и интензивирање на активностите поврзани со проектот за Универзитетскиот клинички центар на локација во Општина Карпош и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја разгледа можноста за укинување или поништување на Одобрението за отстранување на постоечки објекти на Клиниката за дерматологија и нефрологија и клиниките за офталмологија и оториноларингологија, согласно закон.

2. Се задолжува Министерството за здравство да формира работна група со која ќе координира, во чиј состав ќе бидат вклучени сите надлежни органи задолжени за Проектот за изградба на комплекс Универзитетски клинички центар на локација во Општина Карпош и Министерството за култура.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за измени на Листата на медицинска опрема која претставува Анекс 3 од Договорот за заем, потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, за спроведување на втората фаза од „Програмата за рационализација на системот за управување и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор“, со измени на Листата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги разгледа и прифати измените на Анекс 3 од Договорот за заем потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, согласно измените на Листата на медицинска опрема.

Се задолжува Министерството за здравство да ги издвои како посебен документ измените на Анекс 3 од Договорот за заем потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, како и во прилог да го достави текстот на постојниот Анекс 3 од Договорот.

2. Се овластува министерот за финансии, да го потпише амандманот на Анекс 3 од Договорот за заем, потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, за спроведување на втората фаза од „Програмата за рационализација на системот за управување и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор“.

## Точка 63

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за утврдување на геодетски работи за посебни намени за изработка на ажурирани геодетски подлоги за плански опфат за изработка на архитектонско урбанистички проект од Урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес со основна класа на намена В2 - здравство и социјална заштита, компатибилни класи на намена на основната и градби со класа на намена Е2 - катни гаражи.

## Точка 64

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање Културно-информативен центар на Република Македонија во Тирана и Културно-информативен центар на Република Албанија во Скопје, со Нацрт-текст на Спогодба и ги донесе следните заклучоци:

1. Го разгледа и го прифати Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање Културно-информативен центар на Република Македонија во Тирана и Културно-информативен центар на Република Албанија во Скопје.

2. Го разгледа и прифати Нацрт-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање Културно-информативен центар на Република Македонија во Тирана и Културно-информативен центар на Република Албанија во Скопје, како основа за водење на преговорите.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рок од 7 дена да преземе активности за доставување на Предлог-Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање Културно-информативен центар на Република Македонија во Тирана и Културно-информативен центар на Република Албанија во Скопје, до Република Албанија, со цел нејзино усогласување.

4. Се задолжува Министерството за култура, по извршеното усогласување по електронски пат, во рок од 30 дена до Владата на да поднесе извештај за завршените преговори со усогласен текст на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање Културно-информативен центар на Република Македонија во Тирана и Културно-информативен центар на Република Албанија во Скопје.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за изнајмување на облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на Министерството за информатичко општество и администрација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде одобрение за започнување на повеќегодишна јавна набавка „Изнајмување на облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на Министерството за информатичко општество и администрација“.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да започне активности за реализација на јавна набавка за проектот „Изнајмување на облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на Министерството за информатичко општество и администрација“, каде плаќањето е планирано да биде реализирано во три години, односно за 2018 во износ од 8.000.000,00 денари, средства кои се обезбедени во буџетот на Министерството, а за 2019 година износ од 15.000.000,00 денари и за 2020 година износ од 15.000.000,00 денари, средствата ќе бидат планирани во буџетските барања за 2019 и 2020 година.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за објавување на службените трошења на именуваните директори и заменици на директори на јавните претпријатија, самостојните органи на државната управа, правните лица со јавни овластувања, акционерските друштва во државна сопственост и органите во состав на министерствата на официјалните веб-страници и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат директорите и замениците на директорите на самостојните органи на државната управа, на органите во состав на министерствата и Инспекцискиот совет (Прилог 1), на своите веб-страници да ги објават податоците за нивните службени трошоци направени во периодот од 1.12.2014 година до 31.5.2015 година и во периодот од 1.12.2017 година до 31.5.2018 година, најдоцна до 20.6.2018 година.

2. Се укажува на директорите и замениците на директорите на јавните претпријатија, правните лица со јавни овластувања и акционерските друштва во државна сопственост (Прилог 1), на своите веб-страници да ги објават податоците за нивните службени трошоци направени во периодот од 1.12.2014 година до 31.5.2015 година и во периодот од 1.12.2017 година до 31.5.2018 година, најдоцна до 20.6.2018 година.

**Точка 67**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за отворање на Канцеларија за соработка со дијаспората во Општина Штип, со Предлог-одлука, поради потребата истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договорот за доделување на државна помош на корисникот на државна помош - Друштво за производство и трговија Костал Македонија ДООЕЛ Охрид, по претходно постапување на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по Заклучок на Владата (Точка 1 од 61-та седница на Владата, одржана на 27.3.2018 година), т.е доставување до Комисијата за заштита на конкуренцијата ново известување за планирано доделување на државна помош согласно предложениот договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид, по ништовноста на Решението УП бр.10-64 од 29.12.2016 година на Комисијата за заштита на конкурекцијата (текст од 17.4.2018 година), ја усвои и го овласти Александар Младеновски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот за доделување на државна помош на корисникот на државна помош - Друштво за производство и трговија Костал Македонија ДООЕЛ Охрид.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог-опции за набавка на моторни возила од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република

Македонија да започне постапка за повеќегодишна јавна набавка на 45 (четириесет и пет) моторни возила, по пат на оперативен лизинг (деловен закуп) со времетраење од 36 месеци.

## Точка 70

Владата го донесе текстот на Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2018 година, што Министерството за транспорт и врски ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство и ќе го достави до Владата.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можност за започнување на нова постапка за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од две недели до Владата да достави Предлог-програма согласно член 38 став 3 од Законот за воздухопловство.
2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да отпочне постапка за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг Бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година, склучена помеѓу Република Македонија-Министерство за финансии и Јавно сообраќајно претпријатие - Скопје од Скопје, со Предлог-анекс број 1 кон Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи Анекс кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година со Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје од Скопје заради регулирање на долгот на начин и во износ како што е утврдено во оваа информација и во Предлог-анексот број 1 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27.2.2015 година, склучена помеѓу Република Македонија - Министерство за финансии и Јавно сообраќајно претпријатие - Скопје од Скопје, со состојба на денот на склучување на анексот.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |